УДК.949.717.06

Димитар ДИМЕСКИ

# МАКЕДОНСКИОТ ПОИЛИНДЕНСКИ ЛЕГАЛЕН ОТПОР (1903-1905 г.)

Македонија, во поилинденскиот период, била најневралгично подрачје на Балканот. Поилинденските настани, секако, придонеле и за посилно реактуелизирање и збогатување на невооружените, легални форми на македонскиот антидржавен отпор.

Освен спонтаниот отпор, предизвикан од разни османски бесчинства и неправилности, кој во градовите најчесто се изразувал низ демонстративно затворање на чаршијата (пр. затворање на прилепската чаршија во ноември 1903 година[1]; охридската чаршија во февруари 1904 година[2], и сл.), а кај селаните преку бројни жалби и протести – посебно дошол до израз организираниот отпор.

Македонската револуционерна организација (МРО) била главен иницијатор на организираниот народен отпор. Таа го канализирала и насочувала оправданиот народен гнев и отпор во правец на разнишување на османскиот државен апарат и кон подобрување положбата на широките македонски народни маси.

Познато е дека корифејот на МРО Даме Груев го направил првиот чекор во тој правец. Така, во зимата 1903/4 година датира неговиот окружен циркулар, кој содржи 12 поглавја. Во првите 8 поглавја се реинтерпретирани основните одредби на Мирцштегските реформи, а во последните 4 поглавја – во 26 (27) пункта се изнесени главните предизвици за поплаки и барања на онеправданото христијанско население. Тие се протегаат од жалби и барања за елиминирање на бројните неправди, шиканирања и злосторства – до барања за промени во османскиот државен систем[3]. Би-

---

[1] Cf. Христо Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, Следъ Илинденското възстание, София, 1943, т. II, 13.

[2] Писмо за Св. Гора, 22 февруари (1904) Ерусалим., – Љубен Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата во првата половина од 1904 година, Гласник на ИНИ V/2, Скопје, 1961, 257.

[3] Изъ архивата на Д. Груевъ. (Сьобщава Б. Мирчевъ), Илюстрация Илиндень, г. 4/7 (37), София, 1932, 3-4.

Cf. Б. Мирчев, од архивата на Даме Груев (Коментар: Јован Кочанковски), – зб. Даме Груев. Истражувања и материјали, ДНУ, Битола, 1981, 36-39; Хр. Силяновъ, op. cit., 433-438.

толскиот окружен комитет на МРО во нов окружен циркулар од пролетта 1904 година ќе ги пренесе споменативе инструкции на Д. Груев, кои, овојпат, со ситни модификации, биле групирани во 5 поглавја со 32 точки[4].

Оттаму, не случајно, бројни протести, петиции, жалби и барања на македонското христијанско население ги заплиснале османските власти, конзуларните претставници[5], цивилните агенти (на пр. охридските петиции за замена на „гнилите реформи" со „автономна управа" од летото 1904 година[6]), а од летните месеци на 1904 година и странските офицери ангажирани со Мирцштегската програма[7].

Македонската револуционерна организација иницирала и бојкот на жандармериската служба. Така, процентот на ангажираниот македонски христијански елемент во реорганизираната османска жандармериска служба бил повеќе од симболичен. Во неа, главно, се нашле христијански декласирани поединци[8].

Во овој период продолжува бојкотот на османските судови, со едновремена реорганизација и усовршување на организационата судска институција (на пр. во Струмичкиот округ, 1905 година[9]).

Во почетокот на 1905 година бил пласиран нов Битолски окружен циркулар (автори: Пере Тошев и Петре Ацев), кој бил насочен кон бојкотирање на изборите за мухтари и ази во новата, хиџриска година. Тоа произлегло од османската забрана за ноќно движење по селата, што довело до блокирање на организационата курирска служба. Овој бојкот бил насочен кон парализирање на селската администрација и блокирање на функционирањето на мешовитите меџлиси по градовите[10]. За овој бојкот, секако, придонело и стационирањето на османски аскер во некои македонски села[11]. Овој бојкот го опфатил и Скопскиот револуционерен округ на МРО (посебно велешко и кратовско)[12]. Бојкотот траел подолго време. Не помогнале ни глобите на повидните жители. Така на пример, кон крајот на април 1905

---

[4] Споменатиов циркулар е пронајден кај фатениот војвода Алексо Турунџев на 17 април 1904 година.

Cf. Извештај бр. 46 на А. Крал од 12 јуни 1904 година. /Прилог/., – Данчо Зографски, Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија, 199-203.

[5] Д. Зографски, Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија, ИНИ, Скопје, 1955;

Хр. Силяновъ, op. cit., 95.

[6] Хр. Силяновъ, op. cit., 78.

[7] Хр. Силяновъ, op. cit., 87.

[8] Ibidem, 89-90.

[9] Cf. Извадки отъ решенията на Струмишкия районенъ конгресъ. – Революционенъ листъ бр. 16, 5 юли 1905, 13.

[10] Окружно од Битолскиот округ. Прашање за избор на мухтари и курирската служба на Организацијата. 15. I. 1905 г. Велес. – Иван Катарџиев, Документи за дејноста и положбата на Револуционерната организација во Велешка околија во 1904-1905 година, Гласник на ИНИ, VII/2, Скопје, 1963, 213-214.

[11] Cf. док. бр. 37. И. Катарџиев, Документи за дејноста и положбата на Револуционерната организација во Велешка околија во 1904-1905 година, Гласник на ИНИ, VII/2, Скопје, 1963, 243-244.

[12] Ibidem.

Cf. док. 4, стр. 213-214; док. 10, стр. 218; док. 38, 244-245; док. 41, 247-248.

година глобите на повидни кратовски граѓани и жители на две околни кратовски села, не довеле до прекин на бојкотот за избор на мухтари (коџабашии) и ази (советници)[13].

Во тоа време посебно дошол до израз економскиот бојкот. И овојпат, главен иницијатор била МРО. Така, познато е дека во летото 1904 година беговските житни полиња на територијата на Скопскиот, Струмичкиот и Серскиот округ на МРО останале без евтината аргатска рака на македонските христијански жетвари. Во Струмичкиот револуционерен округ специјално било нагласено дека овој бојкот не се однесува на христијанските чифлици[14].

На 17 јули 1904 година Серскиот окружен комитет издал строга наредба за забрана на откуп на ушурот (десетокот) од страна на поединци, христијани[15]. Таа веднаш била оживотворена.

Во есента 1904 година Струмичкиот окружен комитет на МРО издал наредба христијанските ајлакчии (момоци) по Митровден да ги напуштат чифлиците на турските чифликсајбии, а на христијанските земјишни велепоседници да го зголемат бројот на своите работници[16].

Конгресот на Скопскиот револуционерен округ од јануари 1905 година меѓу првите третирал прашања од социјалната и економската сфера. Притоа биле донесени 4 одлуки:

1. била фиксирана надницата на жетварите (посебно за мажите, за жените и децата);

2. бил утврден граничниот износ на годишната материјална компензација (во натура и пари) на трудот на ајлакчиите (момоците),

3. бил забранет откупот на ушурот (десетокот) од страна на христијани („трговци"); и

4. било забрането купување на турски земји и чифлици од страна на христијаните[17].

Овие одлуки Христо Силјанов ги окарактеризирал како „први акти на социјалното законодавство и прв обид за востановување општа социјална и стопанска политика од страна на еден револуционерен конгрес"[18].

Бездруго, тие одлуки значеле конгресно санкционирање на веќе започнатата економска борба на МРО.

Познато е дека Димо Хаџи Димов уште во март 1905 година високо ги оценил првите три посочени одлуки на Конгресот на Скопскиот револуционерен округ, а четвртата, онака како била формулирана, сметал дека е

---

[13] Ibid., док. 41, 247-248.

[14] Хр. Силяновъ, op. cit., 411.

[15] 4 јули ст. стил, 1904 година.

Изъ революционния животъ. Сърски Революционенъ окрагъ.

4. VII. 1904. Подписал Яне Сандански Революционенъ листъ бр. 3, 17 септемврий 1904, 12-13.

[16] Хр. Силяновъ, op. cit., 411.

[17] Протоколъ на I-я редовенъ революционенъ конгресъ въ Скопския окрагъ, откритъ на 2 януарий 1905 година (Съобщава Боянъ Мирчевъ), – Илюстрация Илинденъ, г. 5/ кн. 4(44), София, 1933, 12.

[18] Хр. Силяновъ, op. cit., 413.

контрапродуктивна[19]. Оттаму, не случајно Конгресот на Серскиот револуционерен округ на МРО од август 1905 година застанал на спротивно становиште, донесувајќи одлука за откуп на чифличката земја[20].

Во тоа време дошло и до бојкот при изградбата на патиштата. Така, познато е дека во летото 1905 година македонските христијани ја бојкотирале изградбата на патот: Демир-Хисар (Серски) – Горна Џумаја (до с. Симитли)[21].

Без сомнение, порастот на македонските легални, невооружени форми на отпор во третираново поилинденско време (1903-1905 г.) во сета светлина ја покажува моралната цврстина, храброст и жилавост на македонскиот народ. Притоа, дошла до израз неговата нескршлива верба во МРО, којашто ја зацврстила неговата непоколебливост да истрае во борбата за национална и социјална слобода.

Dimitar DIMESKI

## DER MAKEDONISCHE LEGALE WIDERSTAND IN DER ZEIT NACH DEN ILINDENAUFSTAND (1903-1905)

( Zusammenfassung )

Makedonien war in der Zeit nach den Ilindenaufstand einer der neuralgischsten Gebiete des Balkans. Die Ereignisse nach den Ilindenaufstand haben jedenfalls zur verstärkten Reaktuellisierung und zur Bereicherung der unbewaffneten, legalen Formen des makedonischen gegenstaatlichen Widerstandes beigetragen.

Die Makedonische Revoluzionäre Organisation (MRO) war der wichtigste Organisator des makedonischen Volkwiderstandes.

Der Zuwachs an den makedonischen, legalen, unbewaffneten Formen des Widerstandes nach den Ilindenaufstand (1903-1905), bringt die moralische Kräfte, Zähigkeit und Tapferkeit des makedonischen Volkes ans Licht. Dabei prägte sich der unbeugsame Glaube an der MRO aus, der die Unerschüttlichkeit zum Ausdauern im Kampf für nationale und soziale Freiheit verstärkt hat.

---

[19] Авиценус, Економичната политика на Организацията. /Трибина/, – Революционень листь бр. 10, 15 марть 1905, 8-10;

Авиценус, Економската политика на Организацијата, – Димо Хаџидимов, Одбрани дела, /Редактор М. Пандевски/, Скопје, 1984, I. 229-235;

Хр. Силяновь, op. cit., 414-415.

Меѓутоа, Тодор Александров истакнува дека согласно IV-та одлука, во летото (1905 г.) во Скопскиот округ дошло до откупување на чифличката земја од селаните. (Т. Александровь, Първиять редовень окрѫжень конгресь на Скопския революционень окрѫгь /вь 1905/, – сборникь Илиндень, София, 1925, 11). Веројатно овде не подразбира поединечен, туку колективен откуп.

[20] Cf. Хр. Силяновь, Освободителнить борби на Македония, Следь Илинденското взстание, София, 1943, II, 372.

[21] Хр. Силяновь, op. cit., 411- 412.